## ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани

# Извештај од спроведената самоевалвација на училиштето
јануари– јуни, 2020 година

Во периодот од јануари до јуни 2020 година се одвиваше самоевалвацијата на ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани за периодот од 2018 – 2020 година, согласно законските одредби и одредбите од Статутот на Училиштето. Самоевалвацијата ја спроведуваше Комисија избрана од страна на Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр. 02-51/3 од 31.01.2020 година. Во состав на Комисијата беа:

Елена Кадинска-наставник по природни науки
Наташа Димоска-специјален едукатор и рехабилитатор
Роза Бурнеска-наставник по француски јазик
Мери Граороска-одделенски наставник
Пецо Богески –од совет на родители-родител

Комисијата:

- ги даде работните задолженија за процесот на самоевалуација на Тимовите за самоевалуација;
- изработи, спроведе и анализира прашалници за ученици, родители и наставници, и прашалници за настава на далечина а резултатите ги испрати до Тимовите;
- спроведе анализа на работата на училиштето на наставнички совет и истата ја испрати до Тимовите;
- самоевалуацијата, јаките и слабите страни и препораките од Тимовите ги вклопи во еден документ: **Самоевалуација на работата на училиштето за учебните: 2018/2019 и 2019/2020 година**;
- изработи извештај за процесот на самоевалуација и истиот го достави до училишниот одбор, директорот на училиштето и на општина Кривогаштани;

Во продолжение следуваат резултатите кои се добиени со оваа самоевалвација: јаки и добри страни на училиштето, како и препораките за идни активности за подобрување на работата на училиштето и истите ќе влезат во Годишната програма на училиштето.

**Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето**

| | |
|---|---|
| Оддели во рамките на подрачјето: | |
| 1.1. | Реализација на наставните планови и програми |
| 1.2. | Квалитетот на наставните планови и програми |
| 1.3. | Вонннаставни активности |
| 1.4. | Планирања на наставниците |
| 1.5. | Наставен процес |
| 1.6. | Искуства на учениците од учењето |
| 1.7. | Задоволување на потребите на учениците |
| 1.8. | Оценувањето како дел од наставата |
| 1.9. | Севкупна грижа за учениците |
| 1.10. | Здравје |
| 1.11. | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците |

**Резултати:**

***Јаки страни:***

- Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука и истите се реализираат во пропишаниот обем.
- Училиштето нуди три (3) изборни предмети, а постапката за избор на наставни предмети се применува во целост,
- Училиштето реализира проширена програма
- Голем број од учениците учествуваат во слободните ученички активности и во други воннаставни активности и тоа само врз основа на нивните интереси.
- Учениците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво. Истите добиваат соодветна материјална и друга поддршка од училиштето.
- Со децата со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава, се работи според приспособени индивидуализирани наставни програми
- Планирањата од наставниците редовно се следат од страна на директорот и стручните соработници и редовно се подобруваат.
- Наставниците воведуваат и реализираат најразлични форми и методи, вклучувајќи ИКТ во наставата.
- Редовно планирање и реализација во наставните планови и програми дополнителна, додатна и СУА во наставата.
- Коректен однос, позитивна клима, одговорност и добра соработка меѓу наставници-ученици, наставници-родители.
- Подеднакво прифатени и третирани сите ученици без разлика на нивната социјална, етничка или родова припадност, способност и можности.
- Демократски пристап при оценувањето на учениците, секој ученик е навремено известен за сопствениот успех по наставните предмети, а исто така и родителите.
- Училиштето соодветно се грижи за безбедноста на учениците, води грижа за нивниот престој во и надвор од училишната зграда, за нивниот безбеден превоз.

***Слаби страни:***

- Поретко и послабо се изработуваат наставни материјали потребни за часот во соработка со учениците.
- Поретко се вградуваат меѓупредметните цели.и интегрираат во различни предмети
- Дисциплината на учениците за време на часовите и одморите не е на завидно ниво.
- Хигиената не е на задоволително ниво.
- Учениците ретко добиваат пофалба, признание или награда од училиштето.
- Безбедноста на инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот, итн.) не е на завидно ниво
- Тешкотии со пристапот до интернет
- Не се посетуваат работни места кај родителите од учениците.
- немање доволно време за целосна реализација, немање можност од интегрирање на содржините како во едно така и меѓу повеќе одделенија, потешкотии при планирањето на наставата поради преобемност на часови во текот на денот.
- во предметна настава нема многу можност за меѓупредметно интегрирање,
- не се покренува иницијатива за изменување и дополнување на плановите и програмите поради временската некомпатибилност на програмите.

**Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на работата:**

1. Учениците целосно да се вклучат во изборот и изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности
2. Покренување иницијатива за изменување и дополнување на плановите и програмите од аспект на можности за меѓупредметно интегрирање во предметна настава,

| |
|---|
| 3. Зголемување на практиката за изработка на наставни материјали потребни за часот во соработка со учениците.<br>4. Подобрување на дисциплината на учениците за време на часовите и одморите.<br>5. Проширување на обемот на воннаставни активности<br>6. Учениците почесто да се пофалуваат и наградуваат од страна на училиштето.<br>7. Подобрување на хигиената<br>8. Подобрување на безбедноста на инфраструктурата во училиштето (мебелот, оградите од скалите, таваните, дворот, итн.)<br>9.Подобрување на пристапот до интернет<br>10. Зголемување на просторните можности на училиштето заради работење во една смена и за реализација на повеќе воннаставни активности |

**Подрачје 2: Постигањето на учениците**

| Оддели во рамките на подрачјето: |
|---|
| 2.1. Постигање на учениците |
| 2.2. Задржување/ осипување на учениците |
| 2.3. Повторување на учениците |
| 2.4. Следење на напредокот на учениците |

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:***<br>1. Постигнувањата на учениците во рамките на училиштето се следат и соодветно се вреднуваат. При појава на негативен тренд во рамките на постигањата се превземаат активности истиот да биде спречен.<br>2. Родителите се редовно информирани за постигањата на учениците<br>3. Создадена е стимулативна средина во која учениците сакаат да учат и напредуваат<br>4. Училиштето ги запазува законските процедури при премин на учениците од едно во друго училиште<br>5. Во училиштето се одвива ефикасна дополнителна настава според месечни распореди. |
| ***Слаби страни:***<br>1. Намалување на мотивацијата кај учениците за подобрување на постигањата и воопшто за учење.<br>2. Учениците кои имаат тешкотии во учењето се идентификуваат од страна на наставникот и стручните соработници и се преземаат мерки и се следи нивниот напредок, во доменот на можностите, но потребно е потемелен пристап.<br>3.Надарените ученици се идентификуваат инцидентно и се поттикнуваат за учество на натпревари, слободни активности, проекти и слично, но нема друг систем за идентификување и преземање мерки за работа со овие ученици.<br>4.Континуирано намалување на бројот на учениците поради намалување на наталитетот во општината. |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на работата:**<br>1. Надминување на проблемот со немотивираноста на учениците за учење преку зголемување на квалитетот на наставата;<br>2. Организирање на работилници, советодавни разговори за ученици и родители за подигнување на свеста за значењето на учењето и знаењето;<br>3. Спроведување на систем за идентификување и преземање мерки за работа со надарените и учениците со тешкотии во учењето.<br>5. Истражување на причините за намалувањето на постигањата на учениците по периоди. |

## <u>Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар</u>

| |
|---|
| Оддели во рамките на подрачјето:<br>3.1. Обезбедување на потребниот наставен кадар.<br>3.2. Следење на развојните потреби на наставниот кадар |
| **Резултати:** |
| ***Јаки страни:***<br>• Наставниот кадар е со соодветно образование и посетувал соодветни обуки за успешна реализација на наставата и вонnаставните активности;<br>• Почитување на законските одредби при вработување распоредување на наставниот кадар.<br>• Ефикасно распоредување на кадарот, соодветен распоред на часовите;<br>• Секојдневна поддршка во работата на наставниците од страна на стручните соработници при:<br>  - планирањето и реализацијата на наставата и вонnаставните активности,<br>  - изработката на проекти и задачи поврзани со наставата и вонnаставните активности,<br>  - водењето на педагошката евиденција и документација<br>  - планирањето, документирањето и следењето на професионалниот развој<br>  - работата со учениците и<br>  - организацијата на работниот простор.<br>• Поседување на добри интерперсонални вештини кај поголемиот број наставници, во насока што ги мотивираат и ангажираат учениците за соработка и учење, поставуваат работна клима, се справуваат со деца со разни социо-емоционални потреби како и различни вештини и за менаџирање со родителите со цел да се подобри напредокот на учениците и решавање на ученичките проблеми и задоволување на нивните потреби.<br>• Поголем број наставници поседуваат ентузијазам за работа со децата. Предавањето бара огромна енергија која наставниците во нашето училиште ја поседуваат, а емпатијата, енергијата, желбата за работа, долгите часови поминати во стоење, зборување, објаснување, поттикнување, ангажирање на сите ученици е дел од нашиот секојдневен наставен процес.<br>• Дел од наставниците поучувањето гопретвораат во забава и игра преку која се учи искористат хумор во наставата, што доведува до поголема соработка за време на часовите.<br>• Редовно посетување на обуки, училишни дисиминации, размена на искуства, податоци и материјали, неформално и формално преку стручните активи;<br>• Учество и прифаќање да се работи на проекти, пилотирања, стручни мислења, работилници, побарани од релевантни институции и давање придонес за подобрување на воспитно – образовниот процес на ниво на држава;<br>• Училиштето дава поддршка за секој наставник да ги дететира сопствените потреби за професионален развој и да изработи и реализира личен план за професионален развој.<br>• Успешно реализирана онлајн настава,поради КОВИД -19, |
| ***Слаби страни:***<br>• Немање континуитет во дисиминирањето, пренесувањето на сознанијата од обуките на нововработените; |

| |
|---|
| • Немање материјални средства за посетување на обуки, работилници, конференции, како и за реализација на активности за размена на професионални искуства меѓу наставници од другите училишта;<br>• Недоволна одржливост на дел од обуките од објектини (несоодветни обуки за потребите на наставниците) и субјективни причини (недоволно и недоследно применување на сознанијата стекнати од обуките)<br>• Немањето програма за екстерни обуки од страна на надлежните институции, па оттука и неможноста секој наставник да се усоврши преку обука во оние компетенции кои му се потребни (пр. наставниците имаат потреба од обуки за работа со деца со тешкотии во учењето и развојот, водени од професионалци кои ќе им помогнат на наставнците , ќе им ја олеснат работата, а со тоа ќе се зголемат и постигнувањата кај ваквите ученици).<br>• Немањето доволно и постојано материјални средства за реализација на активности за професионален развој<br>• Ненаградувањето на успешните практики и неможноста за напредување во кариерата |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на работата:**<br>• Материјално обезбедување од соодветни извори (држава, општина, бизнис сектор, донации) за реализација на обуки, професионални настани, студиски патувања, проекти, конференции и слично);<br>• Поголемо вклучување на наставниците на меѓународни проекти и конференции;<br>• Поголема соработка и поврзување на наставниците во професионални здруженија;<br>• Создавање можности за наградување на добрите практики. |

**<u>Подрачје 4: Управување и раководење</u>**

| Оддели во рамките на подрачјето: |
|---|
| 4.1. Управување и раководење со училиштето |
| 4.2. Цели и креирање на училишна политика |
| 4.3. Развојно планирање |
| 4.4. Сместување и просторни капацитети |
| 4.5. Наставни сретства и помагала |
| 4.6. Финансиско работење на училиштето |

| **Резултати:** |
|---|
| ***<u>Јаки страни:</u>***<br>- Почитување на статутарните и деловничките обврски при формирањето и работењето на училишниот одбор при донесувањето на<br>одлуки;<br>- Транспарентност во работата на Училишниот одбор;<br>- Соработката на Училишниот одбор со директорот е на високо ниво<br>- Раководниот орган има јасна визија за работата на училиштето.<br>- Директорот на училиштето ги идентификува слабите страни на училиштето, презема активности за нивно надминување и донесува<br>одговорни одлуки за промени на досегашните навики и начини на работа;<br>- Директорот се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на<br>своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на условите за работа во училиштето<br>- Почитување на законските прописи при донесувањето важни документи и при планирањето |

| |
|---|
| на ВОР;<br>- Успешна примена на стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план;<br>- Отворена комуникација и соработка на директорот со наставниот кадар и родителите;<br>- Отвореност на училиштето за соработка со родителите,локалната заедница,невладиниот сектор ,<br>- Високо едуциран наставен кадар кој е постојано спремен на доедукација и обуки/ Перманентно усовршување на наставниот кадар;<br>- Постои позитивна клима за нови проекти во образовниот процес. |
| ***<u>Слаби страни:</u>***<br>- Недоволен број на современи нагледни сретства и помагала,<br>- Недоволен број на функционални комјутери за примена на ИКТ во наставата,<br>- Намалени финансиски сретства<br>- Недоволен број или нема ниту еден примерок од задолжителните лектири за предметна настава |

| Резултати: |
|---|
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на работата:**<br>- Да се обезбедат сретства за оспособување на расипаните комјутери лап-топи и истите да се стават во функција на наставата или да се набават нови, во поголем број;<br>- Да се набават современи нагледни сретства и помагала според новите наставни програми по природните науки и математика;,<br>- Да се воспостави поголема соработка со Бизнис секторот во општината<br>- Да се зглеми бројот на лектирните изданија од лектирите кои се обработуваат. |

**Подрачје 5: Комуникациски односи со јавноста**

| Оддели во рамките на подрачјето: |
|---|
| 5.1. Наставни планови и програми |
| 5.2. Вонnаставни активности |
| 5.3. Известување за напредокот на учениците |
| 5.4. Промовирање на постигањата |

***Јаки страни:***

- Училиштето редовно ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците, за целите на наставните планови и програми што се реализираат.
- Голем број од учениците учествуваат во слободните ученички активности и во други воннаставни активности.
- Учениците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво. Истите добиваат соодветна материјална и друга поддршка од училиштето.
- Училиштето има термини за прием на родители кај секој наставник
- Транспарентност при оценувањето и соопштувањето на оценките на учениците и родителите
- Во училиштето постои добра интеракција меѓу учениците, родителите и наставниците.
- Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.
- Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик и за неговиот/нејзиниот развој и редовно не известуваат за истите
- Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.
- Постигнувањата на учениците и училиштето соодветно се вреднуваат и наградуваат

***Слаби страни:***

- Слаб одзив од страна на определени родители за да дојдат кога се повикани на родителски средби на кои се повикани за да бидат запознати со аспекти од училишниот живот на нивните деца, за нивните постигнувања и напредок, со насоки за подобрување со програмите кои ги следат по одделните предмети, целите, очекуваните исходи критериумите и сл
- Недоволна иницијатива од страна на родителите за организирањсе инидивидуални средби со наставниците за добивање информации за напредокот на нивните деца и добивање насоки за подобрување.
- Непостоење на друг начин за комуникација и споделување со родителите договорен на ниво на училиште соодветен на потребите кои се наметнаа како резултат на одржувањето настава на далечина што резултира со потешкотии со кои се соочија наставниците за време на изведувањето на наставата на далечина.

**Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на работата**

1. Да се изнајдат начини и да се направат иницијативи за поактивно учество и побројно учество на родителите во животот и активностите на училиштето посебно на формалните родителски средби но и да се поттикнат родителите сами да преземат иницијатива и да организираат почесто индивидуални средби со наставниците – во нивните приемни денови.
2. Да се изнајде начин на кој ќе се вклучат родителите и учениците и да се комуницира и споделува со нив и на друг начин покрај веб страната на училиштето и фејсбук профилот на училиштето да постои некоја платформа или блог на кои што наставниците ќе споделуваат дополнителни материјали за работа и информации за учениците и родителите.

**Подрачје 6: Училишна клима и култура**

| Оддели во рамките на подрачјето: |
|---|
| 6.1. Училишна клима и односи во училиштето |
| 6.2. Еднаквост и правичност |

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:*** |
| 1. Училиштето е препознатливо на државо ниво поради одличното постигнување на учениците и квалитетното знаење што го имаат и поради вклученоста на училиштето во многу проекти.<br>2. Во училиштето владеат добри меѓучовечки односи и соработка<br>3. Создадена е стимултавна средина во која учениците сакаат да учат и напредуваат. |
| ***Слаби страни:*** |
| 1.Недоволна дисциплина кај учениците<br>2.Недоволна соработка со родители<br>3.Просторни и технички услови и хигиена во училиштето. |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на работата:** |
| 1. Советодавни разговори и работилници со ученици и родители за подобрување на успехот и дисциплината на учениците<br>2. Зајакнување на улогата на ученичката заедница и на родителите за да се одржува континуирана вклученост на учениците и родителите во донесувањето одлуки во училиштето.<br>3. Барање финансиска поддршка за подобрување на просторните и техничките услови и хигиената во училиштето. |

**Подрачје 7: Соработка со родителите и локалната средина**

| Оддели во рамките на подрачјето: |
|---|
| 7.1. Партнерски односи со родителите и локалната и деловната заеница |
| |

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:*** |
| 1. Училиштето спроведува активности за да се поттикнат родителите да се вклучат во воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа;<br>2. Соработка со родителите преку Училишниот одбор и Совет на родители;<br>3. Стручните соработници обавува советодавно – консултативни разговори со родителите и врши едукација на родителите од учениците кои имаат слаб успех, кои имаат голем број изостаноци и кои покажуваат асоцијално однесување;<br>4. Постои професионална соработка помеѓу вработените која придонесува за постоење на добра атмосфера, која се пренесува на родителите и посетителите во училиштето;<br>5. Користење на ефективни методи од страна на наставниците за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови на кои родителите редовно ги известува за напредокот на нивните деца;<br>6. Наставниците со учениците земаат активно учество во организирање на настани и проекти во соработка со локалната зедница;<br>7. Училиштето ги промовира постигнувањата на учениците во сите области, во училишните и вонучилишните активности преку веб страните на училиштето и општината, facebook профилот на училиштето и медиумите;<br>8. Се организираат предавања за родители на конкретна тема;<br>9. Училиштето има добра соработка со општината при реализирање на различни |

| |
|---|
| манифестации, театарски претстави и организирање бесплатни екскурзии за наградените ученици;<br>10. Добра соработка со полицијата, здравствените установи, Центар за социјални грижи, Фондот за здравство, Фонд за иновации и технолошки развој, ЕВН подружница – Прилеп, ЈП Пелагонија, Собрание на Република Северна Македонија, Детска амбасада за сите деца во светот, Градска библиотека Борка Талески – Прилеп, МОН, БРО, ДПИ;<br>11. Добра соработка со деловната заедница и невладиниот сектор. |
| ***Слаби страни:***<br>1. Недоволна вклученост на родителите при донесувањето на некои одлуки во училиштето;<br>2. Недоволна информираност на родителите за сите важни активности во училиштето;<br>3. Недоволна вклученост на родителите во дел од активностите на училиштето (акции, проекти, работилници, приредби, продажни изложби и слично);<br>4. Мал број од наставниците организираат работилници со родители;<br>5. Мал број ученици заедно со своите наставници одат во посета на работно место на родител;<br>6. Недоволен број родители најавени на електронскиот дневник. |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на работата:**<br>1. Поголемо вклучување и мотивирање на родителите за учество во активностите во училиштето;<br>2. Материјално обезбедување од соодветни извори (држава, општина, бизнис сектор, донации) за реализација на работилници;<br>3. Создавање можности за посета на работните места на родителите;<br>4. Поголема информираност на родителите за значењето и работата на електронскиот дневник. |

Овој извештај се доставува на разгледување на Директорот на Училиштето, Советот на родители, Училишниот одбор и Општината Кривогаштани.

Јуни, 2020 година, Кривогаштани

**Комисија за спроведување на самоевалвацијата:**

Елена Кадинска ________________

Наташа Димоска ________________

Роза Бурнеска ________________

Мери Граороска ________________

Пецо Богески ________________